Дневник, 29.4.2000, 1291, 13

СОРОС-ЦЕНТАРОТ ЗА СОВРЕМЕНИ УМЕТНОСТИ

# Аукциска продажба на дела на македонските сликари на Интернет

Преку првиот Интернет-сајт за аукција на дела на македонски уметници отворен неодамна во CIX-галеријата на Сорос-центарот за современи уметности, светот ќе може да види и да купи дела од 25 уметници македонски уметници (www. auctions.com.mk). На страницата galleri online, продажна Интернет-галерија, творештвото на секој уметник е презентирано преку три дела, од кои едно за аукциска продажба.

На сајтот се претставени дела од Томе Аџиевски, Сергеј Андреевски, Искра Димитрова, Верица Димеска, Милчо Манчевски, Перица Георгиев, Христина Ивановска, Ванчо Јаков, Славица Јанешлиева, Јана Куновска, Антони Мазневски, Доне Миљановски, Андреј Митевски, Роберт Пашоски, Станко Павлевски, Симон Шемов, Виолета Чаповска, Славчо Соколовски, Александар Станковски, Мирослав Стојановиќ, Јован Шумковски, Лара Ташковска, Васко Ташковски, Предраг Урошевиќ и Жанета Вангели.

Освен фотографија од делото, на Интеренет-страницата се податоци за техниката во која се работени, за димензиите, годината на создавање, каде и кога се изложувани и цената (од 200 до 14.000 американски долари).

- На сајтот застапени се автори што веќе соработувале со Галеријата и кои сакаа нивните дела да се продаваат на ваков начин. Селекцијата на приложените дела е направена во соработка меѓу авторите и Центарот за современи уметности. Имаше случаи кога авторот не сака да го продаде делото што ние му предлагавме, па во замена уметникот ни понуди некое друго негово дело - рече Калина Бунтевска од CIX-галеријата.

За продадените дела центарот зема одреден процент, во зависност од тоа дали центарот учествувал во реализацијата на делото и колку тоа е старо.

- Во конципирањето на цените на делата се појавија мали проблеми со некои автори, бидејќи цените ги формираа уметниците. Таа зависи и од тоа во кој медиум е работено делото.



На формирањето на цената влијае и како се движела цената на претходно продадените слики, без разлика колку тие се млади - ни рече Бунтевска.

Делата на македонските уметници на ваков начин ќе се продаваат во цел свет, па затоа аукцијата ќе биде отворена до 5 ноември. Галеријата, пак, ќе биде отворена во текот на целата година. До крајот на годинава, Сорос-центарот за современи уметности предвидува да организира уште една ваква аукција.

(О.П.)